СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**74 (СЕДУМДЕСЕТ) И ЧЕТВРТА СЕДНИЦА - V ПРОДОЛЖЕНИЕ**

**ОДРЖАНА НА 21 АПРИЛ 1994 ГОД.**

Дневен ред: Продолжување од предходниот ден по амандманот на ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ И ОДБОРНИЦИ

| | |
|---|---|
| 1. КИРО ПОПОВСКИ | 1 (ја води седницата) |
| 2. ГОШЕВ ТУШЕ | 1 |
| 3. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | 12 |
| 4. ПЕТРОВ ТОДОР | 13, 14, 15 |
| 5. РАМАДАНИ ИСМЕТ | 8, 9, 10, 11, 12, 14 |
| 6. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 1 |
| 7. ХАЛИЛИ МУХАМЕД | 7 |

С Е Д Н И Ц А Т А   П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од 5-тото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 април 1994 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше потпретседателот на Собранието, господин Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Зоран Крстевски, Наум Симјановски, Симон Наумовски, Душко Ѓоргевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека во меѓувреме пратеникот Владимир Митевски поднесе амандман на член 37 во новиот член 68-д став 4, пратеникот Ванчо Младенов поднесе амандман за додавање нов член 45-б, пратеникот Зуди Емини поднесе амандман на член 4 за менување на став 1 и за бришење на ставот 3, а пратеникот Оломан Сулејмани поднесе амандман на член 4 став 1 по кои Владата не се произнесе.

Продолжуваме со претрес само по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски, Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам право како еден од подносителите на амандманот да кажам некои работи што овде беа изнесени по однос на амандманот носно зошто некои пратеници не го прифаќаат амандманот.

I/2 сс/вц

Прво, се спомна од еден пратеник од СДС дека со амандманот, како што е предложен да се избираат само 120 пратеници по мнозинскиот изборен модел македонците во западниот дел на Македонија не би добиле свој претставник, а ако има пропорционален модел би добиле свој дел. Јас ќе кажам дека македонците имаат свои претставници во ова Собрание од западниот дел на Македонија и тоа тројца претставници од Тетово, 2 од ВМРО-ДПМНЕ и 1 од СДС. Второ прашање е сега конкретно колку претставникот на СДС ги застапува интересите на македонците од Тетово. Тоа е второ прашање. Од Кичево имаме 2 претставници, од Струга исто 2 претставници.

Единствено македонците од западниот дел немаат претставник од Дебар и од Гостивар. Тоа е поради тоа што македонските партии, условно кажано, не се договорија и не успеаја да најдат заеднички јазик и затоа таму каде има помалку албанци тие победувале и се претставници во ова Собрание.

Меѓутоа, мора да кажеме една вистина дека прифаќањето на мнозинскиот дел, што е суштина на овој амандман, претставува така да кажам една можност македонците да се договорат, ќе повторам да се договорат и албанците во ова собрание би имале само 13 претставници во ова собрание. Направете една анализа од првите избори па ќе видите дека е така. Тоа е второ прашање што ние сме разединети.

Второ, се изнесе една теза што често пати ја застапуваме овде, од еден пратеник од ПДП дека ќе го прифатиме ние и овој модел 120 пратеници по мнозински изборен систем, меѓутоа дајте да го менуваме законот за изборните единици. Тоа е она што ние често го повторуваме. Тие господа, ве уценуваат вас кои сте во коалиција со нив односно владеете со оваа македонска држава. Тоа е вистината. Таа уцена беше вчера овде јавно искажана.

I/3

Трета работа е, опасни се тезите да се тврди дека само со мнозинскиот систем се заговара неофашизам во оваа држава. Да се разбереме. Да имаше неофашозам во оваа држава и сега и претходно или некој да застапува неофашозам, тоа е многу опасна теза. Зошто? Да имаше неофашизам немаше да има 23 претставници на албанците во ова собрание.

Исто така, ако овој амандман претставува појава на неофашизам не би имале ниту еден претставник и на следните избори. Меѓутоа, тие ќе си учествуваат онолку колку ќе добијат ќе бидат претставници на албанците и граѓански партии или било како нека се крстат. Во тоа е суштината.

Амандманот е во функција на заштита на стабилноста на РМ. Мора да признаеме еднаш, сега најмногу на РМ и е потребна една стабилност. Мнозинскиот изборен модел таа стабилност ја гарантира. А, не да се тврди овде еден човек - еден глас. Еден човек еден глас во унитарна држава во ред, прифатливо, меѓутоа вака, на мала врата се промовира федерацизација со додавање на дел пратениците да бидат избрани по пропорционален модел. Тоа е чиста федерализација. Тоа е прв чекор кон федерализација на РМ.

Пред се, сите кои добронамерно мислат на оваа држава, Република Македонија овде како пратеници би требало тоа да го сфатат. Во тоа е суштината на овој амандман. Затоа, пред да гласаме апелирам до совеста на пратениците, размислувајќи за иднината на македонската држава и на македонската нација да го прифатите овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор бара министерот Туше Гошев.

(Пратеникот Насер Зибери бара збор)

Вие, господине Зибери учествувавте во дискусијата вчера.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (од место)

И тој вчера (мисли на пратеникот Стојков) зема збор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Тој како предлагач не доби збор, затоа. Сега учествува како предлагач.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Поаѓајќи од тоа дека изборот е начин на пренесување на суверенитетот на граѓаните на своите претставници во Парламентот, а преку кое ние дефакто и ќе ја твориме парламентарната демократија и Парламентот, но поаѓајќи од демократското начело на владеењето на основата на волјата на мнозинството што заправо ќе се покаже на изборите, законот за избор треба да определи на кој начин ќе се прави тоа мнозинство во Парламентот.

Владата на РМ, поаѓајќи од принципот дека секој глас во Републикава е со еднакво значење се определи да предложи комбиниран систем, не водејќи сметка ниту за партиските интереси, ниту за националните и сите колективитети кои живеат во Македонија туку водејќи интерес дека секој глас на државјанинот во РМ има еднакво значење. Законот ништо друго не треба да стори туку само да ја операционализира волјата на гласачите. Законот крајно реално треба да утврди според бројот на гласовите, да биде. застапена секоја странка во Парламентот.

Во западните европски системи, комбинираните системи, ние денеска предлагаме комбиниран систем, мнозински и пропорционален кој се два системи што не се коректив на едниот или другиот. Тие се автономни и треба да дадат реален резултат во Републикава на

изборите што треба да ги имаме. Комбинирани системи во Европа се прават за да се надминат негативните страни на мнозинскиот принцип и на пропорционалниот принцип.

Покрај тоа што мнозинскиот принцип овозможува бирачите поединечно да се произнесат за секој кандидат и непосредноста е директно помеѓу избирачот и тој што е избиран. Но, постои и една негативна страна што негативно се одразува. Тоа е, сите гласови што се дадени на победникот во една изборна единица го губат значењето за парламентарната претставеност на политичките партии во Парламентот. Можна е парламентарна победа на политичка партија која не добила мнозинство на гласови во целата држава. Тоа значи ако појдеме по апсолутниот принцип и по релативниот принцип мнозински принцип може да се случи некоја политичка партија која нема мнозинство на гласови да ги добие изборите. Тогаш оправдано се поставува критичката анализа за легалитетот и легитимноста на таа Влада.

Поаѓајќи од негативната страна на пропорционалниот систем каде во суштина има два модела на листи на пропорционалниот систе, затворена и отворена листа, ние ја прифативме отворената листа каде политичките партии сами ќе го определат бројот и редоследот на своите кандидати и политичките раководства можат на тој начин да штимаат кои кандидати ќе ги одберат. А, бирачот, државјанинот на Република Македонија не бирајќи за кого може да се произнесе поединечно гласајќи само за изборната листа може да му дозволи на одреден пратеник кој во мнозинскиот принцип не може да биде избран а може да биде избран по пропорционалниот систем.

Оттука, ценејќи ја позитивната страна на пропорционалниот систем дека дадени гласови мора да бидат приближно еднакви на усвоените пратеници во Републиката тие два модели во суштина треба да дадат дека вистинската волја на државјаните во реална смисла ќе биде материјализирана на тие избори. Ништо повеќе. На граѓанинот останува

слободно да одбере дали ќе одбере свој кандидат во мнозинскиот принцип и дали ќе го даде својот глас за политичката партија што ја нуди таа листа.

Законот не разликува националности, мали и големи политички партии. Законот само ќе респектира два аспекти: еднаквоста на избирачкиот глас по вредност и вистинската сила на политичката партија и македонскиот народ која опција ќе ја преферира во Републикава, најреално да биде изразена да нема никаква, било каква партиска комбинаторика. Од тие реални основи Владата се определи за тие два модели.

Основните критики од меѓународните институции на овој модел се определија дека овој модел е добар и во РМ може да ја даде реалната волја на граѓаните во државата што ќе ја искажат преку непосредни демократски избори во Републиката, а неправејќи никакви партиски комбинаторики што ќе дадат поволен модел за да ја добие власта во Републикава.

На крајот кажувам во суштина принципиелно не слушнавме ниту еден амандман. Ако го прифатите овој амандман во суштина, критикувајќи го стариот систем, се враќаме на старото решение. Значи во суштина старото решение било добро. Немало никаква критика.

Оттука ние предлагаме не да биде коректив туку да биде комбиниран систем во кој Републиката, јасно македонскиот народ и сите државјани на РМ ќе го дадат својот глас за конституирање на Парламентот.

(господин Зибери бара збор)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Зибери ви кажав дека вие веќе учествувавте во дебатата по овој амандман.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (од место)

Господата од ВМРО сите по два пати зборуваа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не. Тоа беа реплики. Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господа пратеници, мислам дека оваа расправа по амандманите не би требала да премине во една колективна хистерија, затоа што некои аргументи што тука ги претставувате вие како политичка партија се неодрживи и дури може да кажеме дека се некој ексклузивитет.

Наиме, во РМ имаме многу партиски систем три ипол години. Тоа значи дека изборните системи не сме ги измислиле ние.

Крајно дилетантно и наивно е дека мнозинскиот систем создава стабилност на некоја земја, додека пропорционалниот систем создава нестабилност на земјата. Тоа се дилетантски толкувања на луѓе кои не ги знаат работите. И, треба да ги читаат тие работи. Дури и многу постабилни земји имаат пропорционален систем на избор. И, никаде во теоријата не е запишано дека мнозинскиот систем создава некаква гаранција за стабилност на некоја земја.

Ако вие патите од некоја хистерија, вчера господин Зибери ви рече дека ние сме спремни да го прифатиме и мнозинскиот систем под услов тоа да биде со нов закон за изборните единици. Од тоа ние не се уплашивме воопшто. И, не треба граѓаните да ги плашите од некоја постоја опасност од некого во РМ и, мислам дека тие што дискутираат по амандманот првенствено треба да дискутираат околу содржината на амандманот а не тука да бодат предизборна кампања.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Претпоставувам дека оваа сугестија на пратеникот Халили ќе биде прифатена од сите пратеници, да се држиме до амандманот.

(пратеникот Кирил Ковачевски бара збор)

Господине Ковачевски вие говоревте.

Збор бара пратеникот Манев.

Се извинувам и господинот Манев зборуваше.

(реакции од место во смисла дека е потписник на амандманот)

Без разлика, веќе имаше едно образложување. Немојте ќе ја повториме расправата. Сите повторно ќе треба да добијат збор.

(реакции во смисла дека така е деловнички)

Дали уште некој бара збор по амандманот.

Има збор пратеникот Рамадани. (реакции од место)

Ве молам тие што веќе говореле, заклучокот го донесе ова Собрание

Деловнички ако е во ред ќе добиете.

Господине Рамадани повелете.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници по се изгледа и од настапот на првиот пратеник на оваа говорница дека се сака да се продолжи со таа атмосфера со која што ја прекинавме седницата.

Апсолутно, ама баш ништо не ми пречи амандманите дадени од било која група пратеници, дали позиција или опозиција, па нека се и 100 а знам дека се некаде околу 100 амандмани, меѓутоа јас кога учествував во расправата општа за законот мислев и се надевав дека расправата ќе биде многу мирна затоа што сите се ангажираме законот да биде таков што ќе одговара на сите пратенички групи односно на сите кои сакаат да учествуваат на наредните избори односно да избираат нивни претставници.

Меѓутоа, тоа што мене ми пречи е што самите амандмани со една многу погрешна конотација се образложуваат. При нивното образложување толку се троши негативна енергија што навистина ме изненадува иако не многу.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Рамадани, ве молам концентрирајте се само на овој амандман, немојте генерално за сите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да, на овој амандман. Амандманот се знае, се бара мнозински систем што значи дека треба да се прифати или нема да се прифати.

Во нивните образложувања многу пратеници одат со некои претпоставки дека ако биде прифатен или ако не биде прифатен, тоа ќе биде една потенцијална опасност за Република Македонија. Што значи дека тоа е една голема грешка затоа што се додека ние мислиме дека во овој Парламент доаѓаат претставници и пратеници на политички партии односно националности итн., ќе претставуваат опасност за оваа Република. Тоа е многу погрешна мисла. Тука има такви предрасуди што навистина јас не можам да влијаам да се ослободат тие луѓе од такви предрасуди.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Затоа што јас пак имам друго толкување на сите овие работ Јас мислам, напротив, ако има ангажман за да се дојде во овој Парламент од разни политички партии, кои имаат и географски и етнички, да речеме и нивниот состав, тоа значи дека едно големо ангажирање за да се дојде во овој Парламент, кој се вика Парламент на Република Македонија. И неслучајно реков дека во Парламентот би требало да има едно отсликување на тоа што е Република Македонија, сета таа структура и политичка и партиска, па и национална и т.н. Ако на некому пречи тоа што и понатаму има ангажирање за застапување на сите и како политички партии и како припадници на одредени партии, тоа е голема грешка и навистина за таквите предлагачи секогаш ќе бидеме ние, затоа што тие доат директно, потенцијална опасност. Тие се предрасуди. Зошто потенцијална опасност? А кога нема да бидеме потенцијална опасност за доаѓање во овој Парламент? Тогаш кога сите ние ќе бидеме рамноправни и претставени како што сме во оваа Република Македонија во овој Парламент. Тогаш веќе нема што, нема никакви проблеми и нема да разговараме со таков тон дека поаѓајќи од тоа кој доаѓа и кој ќе дојде во овој Парламент и така да резонираме. Ние мора да признаеме дека сега односно овие три четири години и наредните ние ќе имаме политички партии кои нивните програми ќе ги засноваат во тоа што постојано и перманентно ќе се изборат за одредени права, и тоа не е никаква тајна. Во едно демократско општество тоа е општа практика, на крајот на краиштата. И ако малку ние размислуваме, а тоа е дека секоја политичка партија т.е. политички субјект ќе биде перманентно активен за остварување на одредени права тука ние не треба и зошто ние да се плашиме. Затоа што тој дијалог ќе се води непрекинато, но најдобар

дијалог и најдобра расправа ќе биде таа расправа која ќе се води тука , во овој Парламент од разни претставници, од разни политички партии, од разни припадници на разни националности и т.н. Токму тоа сакав да го кажам дека при самото образложување на доредени амандмани, кои навидум изгледа дека се прифатливи, но предлагачите кога ги образложуваат толку им даваат негативна конотација, (еден од пратениците дофрла дека времето за зборување на пратеникот Исмет Рамадани помина). Ве молам има човек тука, можеби и часовникот не ти е точен тебе.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има уште три минути.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Така што треба да го прифатиме тоа дека имаме една сосема друга реалност, господа и со таа реалност ние треба, сакаме или не сакаме - јас морам да Ви напомнам, но тие вчера со дискусијата на господинот Ештреф Алиу, Вие почнавте толку агресивно кон него, мислам кон неговата дискусија, што значи дека Вие за некои работи - па имаме ние конкретни примери дека имало елементи на тоа што рече господинот Ештреф Алиу, па имавме и амандмани, Ве молам, за разни закони кога сме расправале, имаме конкретен амандман. Дали Вие се сеќавате на амандманот на господинот Тодор Петров за законот за државјанство? Па што значеше тоа? Не беше тоа елемент на фашизам? И Вие се лутите! Тие елементи што ги има, ги има.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, дајте држете се до амандманот, инаку, ќе ја обновиме целата расправа. Сами Вие предложивте да прекинеме .

II/3.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Нема да ја обновиме, но треба да се освестат. Тоа не значи дека тоа е некоја огромна појава на такви, меѓутоа, какви поединци се јавуваат кои сакаат такво нешто да и наметнуваат на Република Македонија, но не можат. Јас мислам дека нема да го постигнат тоа, немаат апсолутно такви шанси тоа да го постигнат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Кирил Ковачевски бара деловнички да се произнесе.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, се повикувам на член 105 , став 3: "Ако делегатот побара збор за да поправи навод кој е неточно изложен или кој дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување, претседателот ќе му даде збор штом својот говор ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од поправката" Јас барав збор веднаш после министерот Туше Гошев, но претседателот не ми даде збор. Затоа, би го замолил секретарот да му објасни на претседавачот за овие работи.

Благодарам, јас ќе седнам, а барам да ми дадете после збор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Ковачевски, Вие баравте збор за дискусија, а не за деловничка исправка. Повелете, деловничко право, деловничка забелешка.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Во врска со излагањето на господинот министер Туше Гошев се согласувам со неговата дискусија, многу беше добро изложено, но се

II/4.-

ќе беше најдобро ако во Македонија немаше политички партии на малцинствата. Кога имаме политички партии малцинствата имаат како што ја спомна тој Европа, западна Европа, во Западна Европа никаде имаат политички партии малцинствата. И се би било добро, и јас би бил за комбиниран систем, но во овој случај не сум за комбиниран систем затоа што со добивање голем број на пратеници на малцинствата врши гетоизација и се оди кон федерализација. Па ако сака господинот министер нека покаже кои западно^- европски земји имаат малцинствата. Еве пример, вчера ја спомнав Швајцарија. Таа е составена од повеќе нации, но Швајцарија има само три политички партии. Тие народи таму немаат засебни политички партии. Ако имаат тие народи засепни политички партии, Швајцарија не ќе постоеше, ќе се распраднеше и дали сега ќе тежнееме кон распаѓање на Македонија? Малцинствата ќе ги правиме народи и оваа наша земја да ја распарчиме. И Вие што ќе гласате за овој комбиниран систем, знаете, ќе бидете непријатели на македонскиот народ и држава. (некои дофрлања од место).

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Тодор Петров бара збор деловнички.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да, господинот Петров секогаш ќе го искористи своето право да зборува кога некој друг во своето зборување ќе го спомене.

Во врска со излагањето на господинот Рамадани ќе го кажам следното:

Фашизмот во Македонија постои, меѓутоа, перфидно прикриен кај партијата ПДП.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам, немојте така.

II/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа што сопствениот примитивизам и отсуство на аргументи го префрлаат врз другите, обвинувајќи ги дека се неофашисти, за да ја покажат својата наводна демократија во меѓународната заедница.

(Пратеникот Насер Зибери од своето место се упатува до говорницата барајќи од претседавачот да ја прекине репликата ).

И само да кажам следното: Каква доверба сакате во овој Парламент (во исто време претседавачот Киро Поповски вели: "Ве молам, излегува од рамките на дискусијата", а пратеникот Насер Зибери вели: "Да го прекинете")кога вашиот секретар на партијата ПДП е командант на Штабот за национална одбрана на албанците. Сигурно не за да етнички ги исчисти албанците во Македонија. Затоа, не очекувајте некогаш некого да верува во Вас после изјавата на господинот Ештреф Алиу кој кажа дека Македонија може да биде унитарна држава , меѓутоа, само во други граници, а на тоа владините коалициони партнери седат и мирно посматраат.

Благодарам.

(Пратеникот Исмет Рамадани бара реплика)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не Ве спомна Вас. Добро, Вашата дискусија беше, повелете.

Повелете господине Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас се обидов во мојата дискусија дури и да не спомнам некое име, меѓутоа, морав од вчера да дадам еден аргумент дека сепак посто неофашизам, а неофашизмот се изразува со одредени луѓе. Првиот

човек  што тука промовираше неофашизам е господинот што зборуваше пред мене, затоа што тој се сеќавате кога ние расправавме односно немавме можност да расправаме за амандман негов за државјанството дека ги делеше луѓето и правеше таков раздор односно таква разлика, тоа беше , не треба и да го потсетам затоа што амандманот уште постои. А дека има, има. А истомисленици како него има, меѓутоа, не се многу, знам дека не се многу. А тоа што Вие викате дека е прекриено Вие јавно, господине, Вие го кажавте јавно дека сте неофашист, со тоа што застапувате такви идеи со амандман пишувани и тука оставаш аргумент и оставаш дека си неофашист.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам, ако продолжиме со ваква расправа, очигледно, законот нема да биде предмет на дискусија.

Ги молам координаторите на пратеничките групи и другите пратеници да се придржуваме кон дневниот ред, расправа исклучиво да водиме по конкретните амандмани.

Едновремено, оние кои досега учествувале во дискусијата, ќе Ве молам, дајте простор има уште пратеници кои за прв пат бараат збор.

Господинот Тодор Петров, реплика.

(Реакција од некои пратеници од ПДП)

Па го спомна, му спомнавте име, како може да не му дозволам.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Оваа Ваша реакција е резултат на неофашистичката демократија која ја продавате од оваа говорница, она што вам не ви се допаѓа не сакате да го слушнете од устата на другите. Ако јас имав живци да Ве

слушам јас, смирете се, слушнете јас што ќе кажам. Меѓутоа, ќе Ви го кажам следното.

(Пратеникот Мухамед Халили од своето место се упатува кон говорницата и својата рака ја става на микрофонот, за да го оневозможи зборувањето на пратеникот Тодор Петров на говорница. Во салата се слушна реакција од сите пратеници).

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата, пауза од половина час, ова е непримерно однесување.

(Седницата прекина во 12,55 часот).

(По паузата седницата не продолжи со работа).